# Бојан Димовски
## Прва година



Почитувани,

Јас, Бојан Димовски, со број на индекс 25/2022, запишан на студиската програма Компјутерски технологии и инженерство при Факултетот за електротехника и информациски технологии, имам желба да сум член на факултетското студентско собрание при ФЕИТ.

Сакам да бидам член на факултетското студентско собрание со цел да се стекнам со нови познанства, вештини, да излезам од мојата комфор-зона и да се справувам со нови непознати ситуации.

Сметам дека досегашните настани од разоноден карактер кои биле организирани од страна на факултетското студентско собрание се одлични. Кога би бил член на ФСС при ФЕИТ, имам намера да бидам дел од тимот кој е одговорен за организација на тие забавни настани и амбиција истите да бидат уште позабавни и поинтересни. Од интерес ми се и настаните од научно-образовен карактер и сметам дека од неопходна важност е ФСС да продолжи во насоката на организирање на настани од таква природа кои ги тангираат и помладите, средношколците, потенцијални идни студенти на ФЕИТ.

Со членството сакам да ги подобрам своите комуникациски способности, да бидам поасертивен и да научам да се борам за тоа во кое верувам, да ја менаџирам својата несериозност, да се соочам со нови предизвици, да ја развијам својата креативност, но пред сè, сакам да сум дел од тело кое прави промени кои позитивно влијаат и значително го подобруваат студентскиот стандард и да ја почувствувам одговорноста потребна да се опредметат тие промени.

# Викторија Пројкова
## Прва година



Јас Викторија Пројкова, завршив средно гимназиско образование – природно математичка насока во ОСУ "Мирко Милески“ во Кичево. Во учебната 2022/2023 година се запишав на додипломки студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на студиската програма Компјутерски технологии и инженерство (КТИ). Како резултат на моите успеси во средното образование, добив уписна стипендија од УКИМ, односно ФЕИТ, за тековнава учебна година.

Главната мотивација зошто одлучив да се кандидирам за член на ФСС ја добив уште на првиот академски час кога студентите членови на ФСС сликовито ни го претставија функционирањето на Факултетот, можностите кои ги нуди во текот на студирањето но и после завршување на студиите, но исто така ни ја потенцираа важноста на дружбата помеѓу студентите кои влијаат врз градењето и созревањето на нас како академски граѓани, односно граѓани кои активно може да се вклучени во носењето на одлуки за подобрување на студенскиот стандард, студенските можности и предизвици за подобро утре.

За себеси, можам да истакнам дека сум одговорна, креативна, добар организатор кој не само што дава идеи туку и истите ги остварува, но пред се’ сум тимски настроена личност која сака да се надоградува. Како резултат на погоре наведеново, сметам дека кандидирањето за член на ФСС е моја правилна одлука. Навистина сакам да бидам дел од сите случувања на Факултетот, да учествувам во активностите кои ФСС планира да ги исполни, малку подлабоко да го проучам функционирањето на Факултетот но и самата да дадам придонес во организирањата, а не само да бидам пасивен посматрач од страна. Само така би го доживеала студентскиот живот онака како што навистина е, малку стресен, предизвикувачки, но истовремено потребно е да знаеме силно и цврсто да стоиме на „две нозе“, разумно да одлучуваме, но пред се’ да ги примениме знаењата кои ги добиваме од наставниот кадар во нашите секојдневни активности. Би сакала активно да учествувам во организирањето на интелектуални собири и да бидам дел од нив, каде сите ние ќе научиме нешто ново, да придонесам кон реализација на активностите кои ќе го подобрат студентскиот живот но и дружби кои значително позитивно ќе влијаат на нас студентите.

Секако, да се биде член на ФСС носи повеќе одговорности, но и стекнување со нови вештини. Од исклучителна важност е да знаеме да се информираме, да научиме да го слушаме и почитуваме туѓото мислење и така заедно да дојдеме до соодветно решение на некој предизвик. Да не сме ограничени со идеи и да знаеме правилно, сликовито и со потполна самодоверба да ги презентираме пред другите. Да се биде член на ФСС е токму она што би му резултирало успех на секој студент кој сака многу повеќе од само студирање, вклучувајќи ме и мене.

# Јелена Ѓошиќ
## Прва година



Јас Јелена Ѓошиќ, со индекс број 1282022, сум запишана на студиската програма компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика, на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Би сакала да бидам член на Факултетското студентско собрание и да се борам за гласот на студентите и нивните мислења и ставови да бидат слушнати, ценети и вреднувани. Ќе бидам многу поинволвирана во студентскиот живот и ќе се трудам многу од недостатоците да бидат пополнети и да се најде најефикасно решение за одредени проблеми.

Се надевам дека ќе успееме сите заедно да ги промениме и подобриме студентските стандарди. Преку организирање разни настани и учествување во многубројни дискусии може да се дојде до нови идеи кои ќе го подобрат студентскиот живот. Тргнувајќи лично од мене како студент па натаму, јас ќе се залагам за интересите на останатите студентите и ќе се трудам да истите тие бидат исполнети. Како член на ФСС ќе влијаам во општестевените промени за подобра иднина, како што би требало и сите млади.

Верувам дека ќе се стекнам организациски и комуникациски вештини, тимска работа, решавање на проблеми, лидерски способности и многу други. Покрај тоа ќе стекнам нови пријателства и многу незаборавни моменти кои ќе ми помогнат да се оформам како личност, но воедно ќе ми пружат големо искуство за во иднина.

# Дамјан Златановски
## Прва година




Со учење на ситниците ја сфаќаме суштината; со вложување во себе, вложуваме во општеството. Тоа всушност и претставува инженерството: инхерентно колаборативна дејност во тесна врска со социјалната правда. Мојот побornички дух и гласното застапништво за општествени промени и упростување на човековото секојдневие ме доведоа на патот на инженерството, а тој пат сега ме води до кандидатурата за член на ФСС на ФЕИТ.

Од своите тринаесет години активно сум вклучен во граѓанското учество почнувајќи со бројни воннаставни активности, проекти и конференции, земајќи удел во граѓански акции и иницијативи, со членување во невладини организации, преку учество во градењето на Националната стратегија за млади и преку волонтерство. Всушност уште од мал ја користам својата креативност да изнајдам нови начини на давање свој удел во општествените збиднувања и организирање.

Така во 2021 година станав Млад европски амбасадор од Македонија во Западен Балкан со клучни области во заштитата на животната средина, уметност и култура и човековите права. Отсекогаш пишаниот збор жарел искри во мене, па така на почетокот од годинава прерасна во пламенот кој ги искажува своите видувања на релација млади - општество, како редовен колумнист на Култура бета. Под кампањата „Стопирај ја омразата, сподели љубов“ на Советот на Европа, станав и амбасадор против говорот на омраза, а сум и обучувач за медиумска и информациска писменост, меѓуврсничка медијација и некои теми кои спаѓаат под човековите права. Впрочем многу работи сум. Сите сме. Сите сме сочинети од слоеви микроидентитети кои нè градат како општествени битија. Но, на крајот од денот останува на нас да одлучиме колку и кои од тие идентитети ќе ги вложиме во заедницата.

Така, природно ми доаѓа да ја побарам поддршката од своите колеги за да станам член на Факултетското студентско собрание. Мојот ангажман ќе го посветам на „ситниците“ кои се неминовни за доаѓање до суштината. Таквите ситници вклучуваат изнаоѓање начини и механизми за мотивирање на студентите, нивен поттик да ги искористат дадените општествени, научни и професионални можности. Да развијат чувство за средината и луѓето во нивното опкружување, како и најважното да се пронајдат себе како дел од заедницата. Преку презентирање на студентските образовни програми и организирање работилници и настани за стекнување со нови социјални и професионални вештини, познанства и знаења.

Зборовите знаат да бидат гласни, но делата се оние кои прават ехо. Моето барање е да ја добијам довербата за да докажам дека со своето досегашно искуство, знаења и вештини можам да придонесам заедно како ФЕИТ бидеме добропознат екот на квалитет и одговорност. Како член на ФСС очекувам можности за личен придонес, но и лична-надоградба, стекнување нови познанства, знаења, комуникациски, „меки“, вештини за организација, како и да ги подобрам веќе постоечките интерперсонални вештини. Како член на ФСС очекувам да ја сфатам суштината!

# Каја Домазетовска
## Прва година



Почитувани,

Јас сум Каја Домазетовска, ученик на факултетот за електротехника и информациски технологии ФЕИТ. Луѓето ме познаваат како позитивен и вреден човек кој постојано се труди да го добие максимумот и од најмалото нешто. Мојата трудољубивост ми има овозможено многу шанса низ мојот живот, мојот најголем успех е мојата позиција како заменик директор на културниот фестивал „Нови Простори" кои до сега се има одржано два пати во една година. Тоа е манифестација подржана од град Скопје со цел да им се пружи прилика на младите луѓе да ја покажат својата креативна страна во вид на фотографија, слика, музика, танц, глума и сето ова беше организирано од моја страна за да се најдат млади луѓе, и истите да се мотивираат да учествуваат како би ги покажале своите таленти. Бев и дел од тимот за промовирање на фестивалов преку јавните и електронски гласила. Оваа идеа за организирање на ваков фестивал беше последица од нашето учество на филмскиот фестивал Џифони. Џифони е меѓународен филмски фестивал застапен во Македонија 10 години, а повеќе од 50 години е организиран од страна на младите од градот Гифони во Италија. Годинава, ја претставував Македонија на овој фестивал кој истиот се одржа Јули 2022 во градот Џифони.

Мојата желба за зачленување на ФСС започна од нашиот прв факултетски ден кога ја дознав понудата за помош на студентите за пронаоѓање низ факултетот. Од тогаш сакав истото и јас да го овозможам за идните генерации, а моето предходно искуство во големи организации и промовирање за истите ми дава за право да сметам дека ќе го дадам својот максимум и во оваа организација за кои веќе имам некакви идеи.

Сакам најмногу да овозможам слобода и разбирање меѓу студентите од сите генерации и професорите за подобро снаоѓање и разбирање низ факултетските денови, да им овозможам и на учениците од други градови и држави полесно снаоѓање низ нашиот системот на комуникација и секоја информација како што е за студенски оброк, стипендии и превоз да биде пренесен кон сите студенти и да им се овозможи помош за истите. Сметам дека можам и да придонесам кон поголемо промовирање на нашиот факултет преку видео презентација.

Со одговорноста да бидам член на ФСС, најмногу би сакала да стекнам нови пријатели и добри соработници, но и нови можности за нешто ново и инспирации за овозможување на незаборавниот факултетски живот на ФЕИТ.

Со почит
Каја Домазетовска

# Емилија Митовска
## Трета година



Здраво од мене! Јас сум Емилија, трета година на КСИАР и официјално ова е мојата прва кадидатура за член на Факултетското студентско собрание. Отсекогаш ме интересирало волонтирање и студентско организирање, ја имав шансата уште во средно да се запознаам со училишните заедници, разновидни проекти, организација на настани и слично, па затоа продолжив истото да го правам и за време на моите факултетски години.

Изминатава година, иако не бев изгласан член на собранието, ја имав приликата да се вклучам во работата на неколку комисии и организирањето на бројни настани. Главно, најактивна бев во Комисијата за образование и наука, на која имам амбиција да и` бидам претседател оваа година. Преку неа се вклучив во спроведувањето на неколку проекти и организацијата на неколку настани. Како најзначајни за мене би ги издвоила водедувањето на АСКЕР системот, за кој волонтирав и како модератор, заради неговото огромно значење за подобрување на квалитетот на студиите, Science@ФЕИТ кој беше првиот поголем настан кој го организиравме и преку кој научив многу за работа во тим, планирање, соработка со спонзори, со професори, предавачи и слично, вештини кои потоа ми беа многу значајни за организирањето на Бруцошка@ФЕИТ, процес кој траеше пет месеци, кој ги тестираше нашите нерви, волја и посветеност, но и настан кој освен тоа што ми ги разви меките вештини, направи да развијам значајни пријателства со остатокот од тимот и направи да се чувствувам поблиска и повклучена во факултетот.

Се` на се`, моето волонтирање во ФСС беше преубаво искуство за мене и затоа решив оваа година да станам официјален член со цел да можам повеќе да влијаам на одлуките кои се носат на ниво на собранието, но и факултетот и да ја имам шансата да променам повеќе суштински работи во поглед на студирањето, условите во кои сме студенти, општиот живот, физичката состојба на зградата, воведување на корисни алатки и можности за учење, можности за пракса и многу други. Покрај промените кои би ги носела на ниво на факултетот, се радувам и на приликата да се подобрувам себе си и своите вештини, да продолжам да се развивам на професионално, но и на лично ниво,. Би ми било чест и задоволство да работам заедно со моите колеги на тоа факултетското искуство да ни биде подобро на сите, но би сакала и да оставам нешто зад себе, да биде подобро и на оние кои ќе студираат во иднина. Затоа од се` срце се надевам дека ќе бидам избрана да ве застапувам сите вас и да бидам вашиот глас во годината која што следи.

# Дариа Најденовска
## Трета година



Здраво, јас сум Дариа, студентка на Факултетот за електротехника и информациски технологии на насоката Компјутерско хардверско инженерство и електроника (КХИЕ).

Студентското организирање е клучно за подобрување на студентскиот живот и стандард, па затоа ова е моја втора кандидатура за претставник во Факултетското студентско собрание при ФЕИТ. За време на мојот претходен мандат бев член во комисиите за Образование и наука, Култура и Спорт, и претставник во Наставно научниот совет. Се стекнав со искуство со организирање на разновидни настани и функционирањето на факултетот, како и со вештини за комуникација преку кои сметам дека сум спремна да се справам со било која препрека и обврска.

Сметам дека за еден инженер, покрај теоретската спремност, од огромна важност е практичната работа во која онлајн наставата изминативе две години остави огромна „дупка“. Сега, кога (конечно) сме назад во факултетските клупи, доколку добијам шанса повторно да бидам дел од составот на собранието, би се залагала за организирање на повеќе натпревари, работилници, семинари, дополнителни проекти и вежби и креирање клубови за сите заинтересирани студенти, со цел поголема изложеност на практична примена на материјалот кој се изучува, запознавање со можности за пракси и избор на идна професија како и поголема интеракција помеѓу студентите и наставниот кадар.

Покрај квалитетот на образованието, мислам дека од особена важност за еден студент е менталното и физичкото здравје и затоа би настојувала на воведување на бесплатна психолошка поддршка достапна за сите студенти и поголемо учество во спортски клубови и настани во и надвор од факултетот.

Верувам дека како член на ФСС ќе можам точно да го застапувам ставот на студентите, а со тоа заедно да го направиме ФЕИТ подобро место за дружба и учење.

# Јани Јанков
## Трета година



Јас сум Јани Јанков и сум студент од 3-та година на ФЕИТ на смерот ЕАОИЕ. Одлучив да се кандидирам за член на факултетското студентско собрание на ФЕИТ бидејќи сакам повеќе да се вклучам во сѐ што нуди факултетскиот живот, но и бидејќи сакам да помогнам во тоа студентите да имаат подобри услови во нивните студентски денови. Сметам дека огромен дел од студентскиот живот игра и социјализацијата помеѓу студентите и токму поради тоа мислам дека е потребно организирање на повеќе разни собиранки за студентите. Од еднакво големо значење се и зголемувањата на знаењата од областа на студиите на студентите па затоа би се залагал за оддржување на разни конференции и дебати на нашиот факултет како и работилни од областа на електротехниката, но и пошироко. Исто така мислам дека е потребно членовите на факултетското собрание да ги стимулираат студентите со цел заедничко изнаоѓање решенија на проблемите со кои се соочуваат студентите. Неретко во текот на мојот секојдневен живот сум се наоѓал во средина со различни луѓе каде е важно и вклопувањето и затоа сметам дека лесно би можел да се вклопам во активностите на студентското собрание како и во интеракцијата со останатите студенти доколку им е потребна некаква помош. За себе би рекол дека сум одговорна индивидуа и дека секогаш се трудам да ги извршувам моите обврски посветено и навреме и притоа да го дадам својот максимум, бидејќи сметам дека тоа ќе ми помогне да се надградам себе си како индивидуалец. Со членството во студентското собрание очекувам да си ги надградам своите комуникациски и други меки вештини. Доколку бидам избран за член на факултетското собрание ќе се стремам за студентите на нашиот факултет да ги уживаат сите права и слободи кои им следуваат, како и за подобрување на образованието бидејќи само така може да се создаде општествено одговорен кадар со знаења со кои може да се има иднина.

# Бодан Велковски
## Трет Циклус



Почитувани,

Ова мотивациско писмо го пишувам со цел да ја формализирам мојата кандидатура за член на Факултетското студентско собрание на Факултетот за електротехника и информациски технологии, како претставник од втор и трет циклус на студии.
Додипломските и постдипломските студии ги завршив на ФЕИТ во 2016 и 2020 г., соодветно. Во моментов сум студент на трет циклус на студии на ФЕИТ, а истовремено сум вработен на Факултетот како асистент по предмети од областа на електротехниката и електротермијата. Во наставните активности на ФЕИТ сум активно вклучен веќе 7 години, почнувајќи од последната година на моите додипломски студии.

Сметам дека отсекогаш сум имал отворен и пријателски однос со студентите, па можам да кажам дека сум добро запознаен со проблемите и предизвиците со кои тие секојдневно се соочуваат. Со оглед на моето повеќегодишно искуство во наставните активности на ФЕИТ, сметам дека можам да придонесам кон формулирање на конструктивни предлози и барања од страна на Собранието. Моја лична заложба во текот на мандатот како член на Собранието ќе биде покачување на нивото на квалитет на додипломските и постдипломските студии, со акцент на студиите од трет циклус на ниво на УКИМ. Дополнително, како вработен на Факултетот сметам дека можам да придонесам кон поголем слух за барањата на студентите, особено кај помладите колеги – асистенти и демонстратори. Секако, сметам и дека новиот состав на Собранието треба да се залага за воздигнување на културно-забавниот живот на студентите на ФЕИТ, кој, за жал, доживеа квалитатитвен и квантитативен пад во текот на пандемијата со COVID-19.

Од моето членството во Собранието, очекувам како лична придобивка да се стекнам со подобро разбирање на потребите и очекувањата на студентите и соодветно на тоа да го подобрам или прилагодам мојот пристап во наставата. Според тоа, се надевам дека, доколку бидам избран за член на Собранието, ќе можам да придонесам кон неговата успешна работа, но истовремено и да се надоградам себеси во односот кон студентите и наставата, така овозможувајќи подобар квалитет на образованието и студентскиот живот на ФЕИТ.

Со почит,
м-р Бодан Велковки

# Марко Камиловски
## Втор Циклус



Здраво,

Јас сум Марко Камиловски, студент на II циклус студии на програмата Енергетска електроника. Иако ова ми е прва кандидатура за член на ФСС, запознат сум со начинот на работење на ФСС преку дружба со поранешни членови и претседатели на студентското собрание. Добро сум запознаен со начинот на работење на факултетот како студент со завршен I циклус на студии на насоката КХИЕ. Моето досегашно искуство како демонстратор на нашиот факултет ми помогна да согледам подобро што значи да бидеш студент и со кои сé предизвици се соочуваме сите ние како студенти. Ве уверувам дека ќе се соочам со сите предизвици со една и единствена цел - да се подобри студентскиот стандард на нас студентите од втор циклус на студии. Моите карактерни особини кои вклучуваат комуникација, организираност, објективност при решавање на проблемите, желбата за напредок и континуиран развој ќе ми помогнат во остварување на оваа цел. Социјалниот живот игра важна улога во животот на секој студент, па тоа ќе биде и еден од моите приоритети, што е можно повеќе да се подобри истиот со организирање на различни социјални настани и дружби помеѓу нас студентите за споделување на искуства, доживувања и идеи. На тој начин сите заедно ќе придонесеме со добра комуникација и желба за подобрување да ги оствариме нашите барања и потреби, а јас ќе бидам вашиот глас кој ќе ве застапува секогаш кога тоа ќе биде потребно.